РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

Октомври 2011 година



Скопје, Декември 2011 година

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

Октомври 2011 година

- Раст на индустриското производство од 5,2% во периодот јануари – октомври 2011 година во однос на истиот период од 2010 година;
- Натамошен надолен тренд на годишната стапка на инфлација, која изнесува 3,3% во октомври. На месечно ниво стапката на инфлација изнесува 0,3%;
- Годишен раст на физичкиот обем на извозот во првите десет месеци од 2011 година од 3,7%, со висок номинален вредносен раст од 30,5% и раст на увезените количини на стоки од 8,8%, со вредносен номинален раст од 25,3%;
- Раст на вкупните приходи во Буџетот од 3,7% и на вкупните расходи од 5,3% во периодот јануари-октомври од 2011 во однос на истиот период лани; Дефицит на Буџетот на РМ од 9.865 милиони денари (2,2% од БДП) и дефицит на Централниот буџет од 7.645 милиони денари (1,7% од БДП);
- Раст на вкупните кредити кон приватниот сектор од 8,3% на годишна основа, со истовремен раст на вкупниот депозитен потенцијал на банките од 10,4%;
- Намалување на бројот на регистрирани невработени лица за 10,8% во октомври 2011 година споредено со истиот месец лани.

# 1. Реален сектор

## Индустриско производство

Во октомври 2011 година индустриското производство забележа пад од 3,8% во споредба со октомври 2010 година. Анализирано по сектори, секторот Рударство и вадење на камен регистрира раст од 11,7%, секторот Снабдување со електрична енергија гас, пареа и климатизација забележа раст од 1,2%, додека секторот Преработувачка индустрија забележа пад од 5,3%.

| Индустриско производство (во %) - октомври 2011 година | | | |
|---|---|---|---|
| | м/м-12 | м/м-1 | I-X 2011 / I-X 2010 |
| Вкупно | -3,8 | -0,8 | 5,2 |
| Рударство и вадење камен | 11,7 | 17,0 | 6,0 |
| Преработувачка индустрија | -5,3 | -6,2 | 8,1 |
| Снабдување со ел. енерија, гас пареа и климатизација | 1,2 | 53,2 | -12,0 |

Извор: ДЗС

Во рамки на преработувачката индустрија позитивен годишен раст е регистриран кај 10 од 23 гранки кои сочинуваат 50,6% од индустриското производство, при што раст е забележан кај две од трите носечки гранки со двоцифрено учество во структурата на индустриското производство. Така, раст од 5,5% е остварен кај Производството на облека и кај Производството на прехранбени производи од 0,9%, додека пад од 14,5% забележа Производството на метали. Висок раст на годишна основа е регистриран и кај Производството на електрична опрема 27,6%, Производство на тутунски производи 26,9%, Производство на останата опрема за транспорт 25,6% и Производство на машини и уреди 24,6%. Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство во септември 2011 година има Производството на тутунски производи (1,6 п.п.), а најголем негативен придонес има Производството на кокс и рафинирани нафтени производи (-2,6 п.п.).




Индустриското производство во октомври 2011 година во однос на септември 2011 година забележа пад од 0,8%. Секторската анализа укажува дека раст од 53,2% има во секторот Снабдување со електрична енергија, гас пареа и климатизација, како и во секторот Рударство и вадење камен од 17,0%. Преработувачката индустрија забележа пад од 6,2%. Десезонираниот месечен раст на индустриското производство во октомври 2011 година изнесува 0,4%, што укажува на негативни сезонски ефекти во индустријата.

На кумулативна основа индустриското производство во периодот јануари – октомври 2011 година во однос на истиот период од 2010 година регистрира

раст од 5,2%. Секторот Преработувачка индустрија забележа раст од 8,1%, секторот Рударство и вадење на камен од 6,0%, додека секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи пад од 12%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во октомври 2011 во однос на октомври 2010 година покажуваат зголемување на производството кај Капиталните производи од 17,3% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,0%, додека пад на производството е регистриран кај групите: Енергија 11,3%, Интермедијарни производи, освен енергија 10,6% и Трајните производи за широка потрошувачка 1,7%.




На месечно ниво податоците за индустриското производство по наменски групи во октомври 2011 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Енергија 67,4% и Трајни производи за широка потрошувачка од 7,3%. Намалување на производството е регистрирано кај групите: Капитални производи од 26,1%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 7,3% и Интермедијарни производи, освен енергија 5,9%.

Анализирано по наменски групи на кумулативна основа во периодот јануари – октомври 2011 година во однос на истиот период од минатата година раст забележаа следните групи: Трајни производи за широка потрошувачка 70,7%, Капитални производи 46,6%, Интермедијарни производи освен енергија 5,1% и Нетрајни производи за широка потрошувачка 4,5%. Групата Енергија забележа пад од 10,9%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Тековната економска состојба на деловните субјекти во октомври 2011 година е понеповолна во однос на претходниот месец, а многу поповолна во однос на октомври 2010 година. Оценката за обезбеденоста на производството со порачки е понеповолна во однос на претходниот месец, додека во однос на октомври 2010 година е поповолна, при што подобрувањето се должи и на домашните и на странските порачки. Во октомври 2011 година оценката за обемот на производство во изминатите три месеци е понеповолна во однос на септември 2011 година, а во однос на октомври 2010 година е поповолна.

Очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на претходниот месец, додека во однос на октомври 2010 година очекувањата се значително поповолни. Во однос на бројот на вработените, очекувањата за наредните три месеци се понеповолни во однос на претходниот месец, додека во однос на октомври 2010 година очекувањата се значително подобрени.

Просечното искористување на капацитетите во деловните субјекти во октомври 2011 година изнесува 62,9%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 62,7%. Споредено со септември 2010 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 2,7 п.п.

Во октомври 2011 година залихите на суровини и репроматеријали, како и тековните набавки на суровини и репроматеријали, се под и околу нормалата. Залихите на готовите производи се зголемени во споредба со претходниот месец. Во наредниот тримесечен период, просечните набавни цени на инпутите и продажните цени на готовите производи се очекува да се намалат.




Најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во октомври 2011 година имаат следните фактори: недоволна странска побарувачка со 23,9%, недоволна домашна побарувачка со 17,8%, финансиските проблеми со 13,3% и недостигот на квалификувана работна сила со 8,3%. Во октомври 2011 година, поголем број од деловните субјекти ја посочиле недоволната странска побарувачка како ограничувачки фактор во однос на септември 2011 година.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во октомври 2011 година во однос на октомври 2010 година забележа зголемување од 1,3%. Секторската анализа укажува на зголемување на бројот на работници на годишно ниво во сите сектори.

Во секторот Рударство и вадење на камен остварен е раст на бројот на работниците од 3,6%, како резултат на високиот раст од 6,6% во гранката Вадење на јаглен и лигнит. Во гранката Вадење на други руди и камен регистриран е раст од 2,4%, во гранката Вадење на руди на метал од 1,9%. Секторот Преработувачка индустрија регистрира раст на бројот на вработени од 0,9%, а во рамки на на секторот, на годишно ниво раст на бројот на вработени е регистриран во гранките: Производство на машини и уреди од 25,8%, Производи од гума и пластични маси од 9,2%, Производство на кожа од 8,5%, Производство на метали од 7,0% и Преработка на дрво, производи од дрво и плута од 5,0%. Бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа раст од 2,7%.

На кумулативна основа во периодот јануари – октомври 2011 година во однос на истиот период од 2010 година бројот на работници во индустријата забележа раст од 2,1%. Притоа, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,8%, секторот Рударство и вадење камен

забележа раст на работниците од 3,2% и секторот Преработувачка индустрија од 1,6%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи на годишно ниво во октомври 2011 година покажуваат зголемување на бројот на работници кај групите: Енергија 2,8%, Капитални производи 2,0%, Нетрајни производи за широка потрошувачка 1,4% и Интермедијарни производи, освен енергија 0,8%, додека пад од 3,1% е регистриран единствено кај групата Трајни производи за широка потрошувачка.




На кумулативна основа во периодот јануари – октомври 2011 година во однос на истиот период од 2010 година, податоците за бројот на работниците во индустријата по наменски групи покажуваат зголемување на бројот на работници кај групите: Капитални производи 4,0%, Енергија 3,0% Интермедијарни производи, освен енергија 2,9% и Нетрајни производи за широка потрошувачка 1,1%, додека пад од 1,6% е регистриран кај групата Трајни производи за широка потрошувачка.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Предвидената вредност на објектите, според издадените одобренија за градење изнесува 2.432 милиони денари, што е за 58,1% повеќе во однос на истиот месец од 2010 година, додека во однос на септември 2011 година вредноста на објектите бележи намалување за 11%. Доколку се спореди кумулативниот износ во периодот јануари-октомври 2011 година со истиот период од 2010 година, се забележува зголемување на предвидената вредност на објектите од 21,6%.




Во октомври 2011 година се издадени 268 одобренија за градба, што е за 40,3% повеќе во однос на истиот месец од претходната година. Вкупниот број на издадени одобренија за градење во однос на претходниот месец од 2011 година, кога беа издадени 212 одобренија, се зголеми за 26%. Доколку се

споредат податоците за периодот јануари-октомври во 2011 година со истиот период од 2010 година, се забележува намалување на бројот на издадени одобренија за градби за 9,7%.

Анализирано по видови на објекти, од вкупниот број на издадени одобренија за градење, 208 (или 77,6%) се наменети за објекти од високоградба, 16 (или 6%) за објекти од нискоградба и 44 (или 16,4%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови на инвеститори, од вкупно 268 објекти, на 205 (или 76,5%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 63 објекти (или 23,5%) инвеститори се деловни субјекти.

Во октомври 2011 година е предвидена изградба на 507 станови, со вкупна корисна површина од 46.067 м$^2$.

Анализирано по региони, во октомври 2011 најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 81, од кои за 58 одобренија инвеститори се физички лица, додека за 23 одобренија инвеститори се деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Вардарскиот регион, вкупно шест одобренија, од кои за четири одобренија инвеститори се физички лица, додека за две одобренија инвеститори се деловни субјекти.




Во периодот од јануари-октомври 2011 година најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 603, од кои за 407 одобренија инвеститори се физички лица, а за 196 деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Североисточниот регион, вкупно 79 одобренија, од кои за 64 одобренија инвеститори се физички лица, а за 15 одобренија инвеститори се деловни субјекти.

## Инфлација

Стапката на инфлација во октомври 2011 година, измерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува 3,3% споредено со истиот месец претходната година. Имено, од јуни 2011 година се забележува процес на дезинфлација, односно надолен тренд на растот на цените, што е последица на движењето на цените за исхрана. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – октомври изнесува 4,1%.

Во октомври растот на цените во категоријата Исхрана изнесува 4,3% на годишна основа, придонесувајќи со 1,6 п.п. во општиот пораст на цените. Растот на цените за исхрана најмногу се должи на растот на цените на производите од жито и месото. Растот на цените во останатите категории е како што следи: Хигиена и здравје 3,9%, Сообраќајни средства и услуги 3,6%,

Домување 3,4%, Култура и разонода 2,2%, Ресторани и хотели 1,5%, Административни и финансиски услуги 1,1%, Облека и обувки 0,9% и Тутун и пијалаци 0,3%.

Во октомври, стапката на инфлација изнесува 0,3%, споредено со претходниот месец. Највисок раст на цените е регистриран во категоријата Облека и обувки од 1,1%, следен од растот на цените во категоријата Исхрана од 0,5%. Намалување на цените е регистрирано кај категоријата Административни и финансиски услуги од 0,5%, Хигиена и здравје од 0,2%, Домување и Култура и разонода од 0,1%. Кај категоријата Тутун и пијалаци цените останаа непроменети.




Цените на мало во октомври 2011 година се повисоки за 3,8% во однос на октомври 2010 година. Споредено со претходниот месец цените на мало се повисоки за 0,2%. Просечниот раст на цените на мало во периодот јануари – октомври изнесува 4,1%.

## Берзански цени

Во октомври 2011 година цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи забележа пад од 1,3% во однос на претходниот месец и достигна вредност од 109,5 долари за барел. Споредено со октомври 2010 година, цената на нафтата е повисока за дури 32%. Цената на природниот гас во октомври се зголеми за 1% во однос на претходниот месец.

Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, на светските берзи во октомври се тргуваше со просечна цена од 19.039 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечен пад на цената од 6,6%. Споредено со октомври 2010 година цената на никелот е пониска за 20%. Имено, во октомври се забележува високо општо намалување на цените на металите и минералите од 11,2% на месечна основа, што се должи на грижите поврзано со глобалната побарувачка. Највисок пад регистрираше среброто од 15,9%, како резултат на зголемената продажба од инвеститорите и забавувањето на побарувачката за индустриски производи. Надпросечен месечен пад на берзанските цените во октомври беше



регистриран и за железните руда од 15,1% и оловото од 14,3%. Бакарот се продаваше по цена пониска за 10,9% во однос на претходниот месец. Месечен пад на цената регистрираше и златото од 6%, по долг период на последователно зголемување на цената.

Цената на житото на светските берзи регистрираше месечен пад од 8,5%, како резултат на подобрените временски услови во Аргентина, како и зголемената понуда на жито во Русија, Канада и слично.

## 2. Надворешно трговска размена

Вкупната трговска размена во првите десет месеци од 2011 година бележи висок раст од 27,3% во однос на истиот период претходната година, со истовремено зголемување на извозот и увозот на стоки.

Според досегашната динамика на движењето на надворешно-трговската размена, се очекува да се остваруваат зацртаните проекции за 2011 година и тоа 22,5% за извозот и 21% за увозот на стоки.

### Извоз

Анализирано на годишно ниво, во првите десет месеци од 2011 година извезените количини на стоки бележат раст од 3,7%, а нивната вредност изнесува 2.637,2 милиони евра, што претставува висок раст од 30,5% во однос на истиот период лани.




Анализирано на месечно ниво, во октомври 2011 година извозот бележи пад од 13,5% во однос на претходниот месец, што во најголем дел се должи на намалениот извоз на нафта и производи од нафта, тутун и производи од тутун, железо и челик и друго.

Сезонско прилагоденото движење на извозот во октоври бележи месечен пад од 2,3%, што укажува на негативно влијание на сезонскиот фактор (11,2 п.п.) врз извозот во овој месец.




Само во октомври 2011 година извезени се стоки во износ од 269,9 милиони евра, што претставува раст од 15,6% во однос на истиот месец минатата година.

Анализирано по тарифи, најзастапени производи во извозот се: катализатори на подлога со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја, фероникел, гасни масла за други намени со содржина на сулфур до 0,001% и до 0,005% по маса, железо и челик (топло и ладно валани производи), следуваат производите од машка и женска облека, машини и апарати за филтрирање и пречистување на гасови или течности, тутун суров не преработен неоджилен, феросиликоманган, руди на олово и концентрати, феросилициум и др.




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во првите десет месеци од 2011 година се: железо и челик со 22,7%, облека 14,6%, хемиски материи и производи 12,7%, нафта и производи од нафта 7,2%, метална руда и отпадоци од метал 5% и пијалаци и тутун 4,9%. Овие шест групи сочинуваат 67,1% од вкупниот извоз на државата.




Во првите десет месеци од 2011 година, гледано по економска намена најголемо учество во годишниот

раст на извозот имаат интермедијарните производи наменети за индустриското производство со 65%, а потоа инвестициските производи со 14,7% и стоките за широка потрошувачка со 8,7%.

| Извоз на хемиски производи *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X 2010 | I-X 2011 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 22,0 | 21,4 | -0,6 | -2,7 |
| Мил. ЕУР | 108,0 | 334,0 | 226,0 | 209,3 |
| Мил.$ | 142,0 | 467,2 | 325,2 | 229,0 |

| Увоз на хемиски производи *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X 2010 | I-X 2011 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 18,9 | 23,1 | 4,2 | 22,2 |
| Мил. ЕУР | 39,0 | 63,8 | 24,8 | 63,6 |
| Мил.$ | 51,4 | 89,4 | 38,0 | 73,9 |

*)Претходни податоци

## Увоз

Увезените количини на стоки во периодот јануари - октомври 2011 година се зголемени за 8,8%, а нивната вредност изнесува 4.108,1 милион евра, што претставува висок раст од 25,3% во однос на првите десет месеци минатата година.

Само во октомври 2011 година увезени се стоки во износ од 380,5 милиони евра, што претставува раст од само 1,1% во однос на истиот месец лани.

Анализирано на месечно ниво, во октомври 2011 година увозот на стоки се намали за 13,2% во однос на претходниот месец. Сезонско прилагоденото движење на увозот во октомври бележи месечен пад од 26,7%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (13,5 п.п.) врз увозот во овој месец.

| Извоз на нафта и производи од нафта *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X 2010 | I-X 2011 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 269,0 | 301,0 | 32,0 | 11,9 |
| Мил. ЕУР | 135,1 | 190,9 | 55,8 | 41,3 |
| Мил.$ | 178,0 | 269,1 | 91,1 | 51,2 |

| Увоз на нафта и производи од нафта *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X 2010 | I-X 2011 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 961,0 | 1.008,1 | 47,1 | 4,9 |
| Мил. ЕУР | 431,0 | 597,2 | 166,2 | 38,6 |
| Мил.$ | 568,0 | 841,2 | 273,2 | 48,1 |

*)Претходни податоци

Најзастапени производи во структурата на увозот по тарифи се: нафта сурова; платина, необработена или во прав; гасни масла за други намени со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса; електрична енергија, топло валани плоснати производи во макари наменети за повторно валање; руди на никел и концентрати; метални отпадоци; лекови приготвени во одмерени дози; премачкувачки средства; други моторни возила за превоз на лица; телефони за целуларни мрежи и друго.

Најголем дел од увозот на стоки (според групи на СМТК) во првите десет месеци од 2011 година отпаѓа на: сурова нафта и производи од нафта (12.4%), обоени метали (6,7%), текстилни предива и слично (6,6%), железо и челик (6,1%), друмски возила (4.9%) и друго.

Анализирано по економска намена во првите десет месеци од 2011 година во годишниот раст на увозот најмногу учествуваат производите наменети за индустриско производство со 57%, потоа енергетски производи со 30% и производи за инвестиции со 8,5%.

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X 2010 | I-X 2011 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 612,0 | 669,9 | 57,9 | 9,5 |
| Мил. ЕУР | 476,6 | 598,6 | 122,0 | 25,6 |
| Мил.$ | 626,0 | 840,8 | 214,8 | 34,3 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X 2010 | I-X 2011 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 489,0 | 506,0 | 17,0 | 3,5 |
| Мил. ЕУР | 224,0 | 269,8 | 45,8 | 20,4 |
| Мил.$ | 296,0 | 378,0 | 82,0 | 27,7 |

## Салдо на трговска размена

Салдото на трговската размена во првите десет месеци од 2011 година изнесува 1.470,9 милиони евра, што претставува зголемување на дефицитот за 211,3 милиони евра во однос на истиот период лани. Дезагрегирано, зголемувањето на негативното салдо на размената е резултат на комбиниран ефект од: проширеното негативно салдо во размената со обоени метали, нафта и производи од нафта, електрична енергија, производи за боење и штавење и друго, како и оствареното негативно салдо на размената со метална руда и метални отпадоци, наспроти позитивното салдо лани.

Во спротивна насока дејствуваше проширеното позитивно салдо во размената кај хемиски материи и производи, железо и челик, облека, овошје и зеленчук, како и стеснувањето на негативното салдо во размената на друмски возила, сирови хемикалии, телекомуникациони апарати и друго. Ваквите движења во периодот јануари-октмври 2011 година придонесоа степенот на покриеност на увозот со извоз, кој изнесува 64,2%, да се подобри за 2,6 п.п. во однос на истиот период од претходната година.

Анализирано според економските групации на земјите во првите десет месеци од 2011 година, извозот во ЕУ, ЕФТА и земјите во развој продолжи да расте, а значителен раст забележа извозот во Русија од 76%, Кина 40% и Западен Балкан 16,3%.

Во првите десет месеци од 2011 година, при значително подобрена трговска размена со Европската унија (ЕУ 27) во однос на јануари-октомври претходната година за 30,1%, учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи позитивно поместување 1 п.п. и изнесува 57%, при што извозот на стоки учествува со 61%, а увозот на стоки со 55%.

Како резултат на структурните промени во размената со странство, во првите десет месеци од 2011 година, 47,8% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Русија и Велика Британија, а потоа следуваат, Грција, Турција, Кина, Србија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Албанија, Црна Гора, Белгија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 70,4% од трговската размена во првите десет месеци од 2011 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2010 година претставува намалување од 3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 77,8% и 65,7%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е повисока за 0,2 п.п., а намалувањето на застапеноста кај увозот изнесува 5,1 п.п. во однос на првите десет месеци од 2010 година. Намалувањето на структурното учество на еврото во увозот се должи на

зголемениот увоз од Велика Британија изразен во фунти со учество од 8,4% во валутната структура на увозот.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I-X 2010 | | | | | I-X 2011 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.445 | 2.321.884.154 | 61,5131 | 142.826.292.153 | 70,8 | 2.527 | 2.704.238.511 | 61,5331 | 166.400.178.721 | 65,7 | 382.354.357 | 16,5 |
| УСД | 2.176 | 1.050.091.798 | 46,5945 | 48.928.502.282 | 24,2 | 2.421 | 1.442.978.051 | 43,8787 | 63.316.001.006 | 25,0 | 392.886.253 | 37,4 |
| ГБП | 2 | 112.589.358 | 71,6068 | 8.062.163.607 | 4,0 | 2 | 302.727.354 | 70,6213 | 21.378.999.293 | 8,4 | 190.137.997 | 168,9 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.623 | | | 199.816.958.042 | 95,0 | 4.950 | | | 251.095.179.021 | 99,1 | | |
| вк извоз: | 4.637 | | | 201.789.846.637 | 100,0 | 4.959 | | | 253.366.764.202 | 100,0 | | 25,6 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. Фискален сектор

## Буџетски приходи

Во периодот јануари - октомври 2011 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 112.767 милиони денари, односно 24,8% од БДП, што претставува поголемо остварување за 3,7% во однос на 2010 година.

Даночните приходи за овие десет месеци се реализирани во износ од 64.190 милиони денари, односно 14,1% од БДП и во однос на истиот период 2010 година се зголемени за 7,4%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 34.492 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во 2011 година е доминантно и изнесува 53,7%. Акцизите се остварени во износ од 12.919 милиони денари (учество од 20,1% во даночните приходи). Така, од овие два даноци се остварени приходи од 47.411 милиони денари, односно 73,8% од вкупните даночни приходи, (10,4% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 50.412 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 15.920 милиони денари (повратот по основ на ДДВ е повисок за 22,4% споредено со истиот период 2010 година).




Структурата на прометот во земјата укажува дека прометот со добра и услуги кои се оданочуваат со општа даночна стапка од 18% е зголемен за 13,1%, а

прометот кој се оданочува со бенефицирана даночна стапка од 5% е зголемен за 12,4%. Набљудувано по одделни категории на даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 7.551 милиони денари и се зголемени за 7,3% на годишна основа (околу ¾ од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања). Споредено со истиот период во 2010 година приходите од данокот од добивка забележаа раст од 17,3%, што главно е резултат на пораст на доплатите по Годишните даночни биланси, на годишниот данок на вкупен приход, додека забележано е намалување на данокот наплатен по основ на исплатена дивиденда и друга распределба од добивката (за одбележување е фактот дека данокот на добивка бележи повисоки остварувања во однос на вкупниот план за анализираниот период за 15,3%). Приходите од ДДВ забележаа раст од 11,2%, додека акцизите забележаа поумерен раст, односно поголемо остварување за 4,8%. Приходите од царина беа остварени во износ од 3.107 милиони денари и забележаа намалување од 21,8%.

Неданочните приходи се намалени за 6,6% во однос на истиот период 2010 година, односно беа остварени во износ од 10.978 милиони денари (во овие приходи се приходите од административни такси, патарини и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 3.257 милиони денари, што претставува намалување од 4,6% во однос на истиот период претходната година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 32.330 милиони денари, што е повеќе за 2,6% споредено со истиот период од 2010 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите за пензиско осигурување од 2,7%, кај придонесите за вработување од 2,7%, додека придонесите за здравствено осигурување забележаа зголемување од 2,5%.

## Буџетски расходи

Во периодот јануари - октомври 2011 година вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 122.632 милиони денари, односно 26,9% од БДП, што е повеќе за 5,3% во однос на 2010 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 108.408 милиони денари учествуваа со 88,4% (со учество од 23,8% во БДП) и се зголемени за 4% во однос на десетте месеци во 2010 година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 75.162 милиони денари (16,5% од БДП), а втори по големина се платите и надоместоците со 19.278 милиони денари. Во вкупните расходи на Буџетот, структурното учество на расходите за плати и надоместоци изнесува 15,7% и во однос на 2010 година се зголемени за 2,3%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 11.269 милиони денари и споредено со истиот период од 2010 година се намалени за 7,6%.

Трансферите забележаа зголемување од 6,2% споредено со истиот период 2010 година и истите учествуваа со 61,3% во вкупните расходи. Социјалните

трансфери изнесуваа 55.566 милиони денари, забележаа раст од 4,7% и учествуваа со 45,3% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 32.497 милиони денари, зголемување од 4,1%, споредено со истиот период 2010 година и 26,5% од вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,4%, односно забележаа зголемување од 13,5%, споредено со истиот период 2010 година.

Каматите се реализирани во износ од 2.699 милиони денари, што е повеќе за 10,5% во споредба со истиот период 2010 година. Ваквото зголемување е главно поради исплата на доспеани обврски за камати од задолжување кон странство. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 12,5%, додека за странство беа зголемени за 9,4%.

Во анализираниот период средствата за капиталните расходи беа реализирани во износ од 14.224 милиони денари (3,1% учество во БДП), односно забележаа зголемување од 17,0% во споредба со истиот период лани.

### Буџетско салдо

Во периодот јануари - октомври 2011 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 9.865 милиони денари, што претставува 2,2% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 7.645 милиони денари и претставува 1,7% од БДП.

## 4. Социјален сектор

### Број на нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари-октомври 2011 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 188.994 нови засновани работни односи. Од вкупниот број нововработени, 37,2% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и вршат сезонски работи. Споредено со истиот период од 2010 година бројот на засновани нови работни односи е помал за 1,5%.

Во текот на октомври засновани се 16.539 нови работни односи, од кои 21,2% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од Регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во октомври изнесува 16.167, од кои 21,3% претставуваат нови засновани работни односи. Во октомври во Агенцијата е регистриран прилив од 7.893 лица, од кои 50,1% се лица на кои им престанал работниот однос. Резултатот е намалување на невработеноста за 8.274 лица, односно за 2,8% во однос на претходниот месец. Така, во октомври 2011 година бројот на невработени лица изнесува 287.153. Споредено со истиот месец од 2010 година, бројот на невработени лица е намален за 10,8%.

Најголем дел од невработените, односно 66,6% се од урбани средини (градско население), а 57,4% се мажи. Анализирано според степенот на образование поголемиот дел, односно 50,6% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека само 9% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасни групи, најголемиот дел или 56,5% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 48,7% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 29,6% чекаат вработување 8 и повеќе години.




## Плати

Согласно објавените податоци на Државниот завод за статистика, просечната месечна исплатена бруто плата по вработен во септември 2011 година изнесува 30.340 денари, додека просечната месечна исплатена нето плата изнесува 20.659 денари[1].

На месечна основа, бруто и нето платите во септември 2011 година забележаа номинален пад од 1,2%, а реално платите беа пониски за 1,1%.




На годишна основа, платите во септември 2011 година бележат номинален раст од 0,3% (бруто плата) и 0,5% (нето плата), додека реално истите се пониски за 3,0% (бруто плата) и 2,8% (нето плата).

Кумулативно, во периодот јануари-септември 2011 година просечната бруто плата бележи номинален раст од 1,5%, додека реално истата е пониска за 2,5%. Во истиот период, просечната нето плата бележи номинален раст од 1,7%, а реално истата е пониска за 2,3%.

Највисок раст на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во септември 2011 година во однос на септември 2010 година, е забележан во дејностите Други услужни дејности (14,2% бруто плата и 14,3% нето плата),

[1] Државниот завод за статистика, на почетокот на оваа година, ја примени новата Национална класификација на дејностите (НДК Рев.2) за прибирање и обработка на податоците на просечната месечна исплатена бруто и нето плата.

Стручни, научни и технички дејности (5,4% бруто плата и 5,2% нето плата) и Уметност, забава и рекреација (4,7% бруто плата и 6,0% нето плата).

Намалување на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во септември 2011 година во однос на август 2011 година, е забележан во дејностите Други услужни дејности (6,0% бруто плата и 5,8% нето плата), Рударство и вадење камен (5,8% бруто плата и 6,2% нето плата) и Дејности во врска со недвижен имот (4,8% бруто плата и 4,7% нето плата).

Процентот на вработени кои не примиле плата во септември 2011 година изнесува 2,3%, и во споредба со истиот месец од претходната година е поголем за 0,1 процентен поен, додека во однос на август 2011 година процентот на вработени кои не примиле плата е понизок за 0,8 п.п..

## Пензии

Во октомври 2011 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 277.786 пензионери, што претставува зголемување од 2% во однос на истиот месец од 2010 година. Во однос на септември 2011 година бројот на корисници на пензија е поголем за 449 лица. Од вкупниот број на пензионери 55,6% се корисници на старосна пензија, 27,5% на семејна пензија и 16,9% на инвалидска пензија.




За исплата на пензии во октомври 2011 година потрошени се 2.913,15 милиони денари, што претставува 50,5% од вкупните социјални трансфери[2].

Просечната пензија во октомври 2011 година изнесува 11.618 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 3,3%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во септември 2011 година (последни расположиви податоци) изнесува 53,4%.

# 5. Монетарен сектор

## Примарни пари

Во октомври 2011 година примарните пари[3] забележаа забавен раст од 0,7% на годишна основа, во услови на пад на вкупните ликвидни средства на банките од 3,3%. Готовите пари во оптек се зголемија за 6,9% на годишно ниво. На месечна основа, примарните пари забележаа раст од 4,9%, како резултат на

[2] Категоријата социјални трансфери опфаќа пензиите, паричен надоместок во случај на невработеност, социјалните помошти и расходите за здравствената заштита.

[3] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари)

растот на вкупната ликвидност на банките од 8,8%. Готовите пари во оптек бележат пад од 0,2%.

Народната банка на Република Македонија во октомври 2011 година ја задржа каматната стапка на благајничките записи непроменета, односно на ниво од 4,0%. Исто така, каматната стапка на расположливите кредитите преку ноќ се задржа на ниво од 5,5%.

## Депозитен потенцијал

Вкупниот депозитен потенцијал на банките[4] во октомври 2011 година забележа месечен раст од 1,1%, движен во голема мера од растот депозитите на приватните претпријатија од 4,2%. Од друга страна, депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,3%. Од валутен аспект, денарските депозити забележаа раст од 1,3%, додека депозитите во странска валута се зголемија за 0,9%.




Вкупните депозити на годишна основа се зголемија за 10,4%, водени главно од растот на депозитите на домаќинствата кои остварија пораст од 13,1% и со тоа придонесоа во растот на вкупните депозити со 8,9 п.п. Депозитите на приватните претпријатија се повисоки за 8%.

Анализирано според валутата, денарските депозити забележаа раст од 12,2% на годишна основа, а девизните депозити се зголемија за 8,8%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат висок раст од 33,3%, а краткорочните депозити се повисоки за 6,5% на годишна основа.

## Кредити на банките

Во октомври 2011 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор на месечна основа се зголемија за 0,5%. Кредитите кон приватните претпријатија бележат раст од 0,4% во однос на претходниот месец, додека кредитите кон домаќинствата се повисоки за 0,7%. Според валутната структура,




[4] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

кредитите во странска валута се зголемија за 1,1%, додека денарските кредити се повисоки за 0,4%.

На годишна основа, стапката на раст на кредитите забрза на 8,3%. Од секторски аспект, доминантен придонес од 5,3 п.п. во растот на вкупните кредити има кредитирањето на приватните претпријатија, и истото е повисоко за 8,9% во однос на истиот месец претходната година. Растот на кредитите кон домаќинствата во октомври изнесува 7,5%.

Од валутен аспект, денарските кредити бележат годишен раст од 2,8%, додека кредитите во странска валута регистрираат висок раст од 26,5%. Од аспект на рочноста пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 13,9%, додека краткорочните кредити се пониски за 1,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во октомври 2011 година, каматните стапки на депозитните банки главно се задржаа на исто ниво од претходниот месец. Имено, каматната стапка на денарските кредити, која ги опфаќа каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула и на денарските кредити со валутна клаузула, изнесува 8,8%, што на годишна основа претставува пад од 0,3 п.п. Пасивната денарска стапка, која ги опфаќа каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и на денарските депозити со валутна клаузула, изнесува 5,7%, што во однос на претходниот месец претставува намалување од 0,1 п.п. додека во однос на октомври 2010 година истата е пониска за 0,9 п.п.




Каматна стапка на девизните кредити изнесува 7,4% и е на исто ниво од октомври 2010 година. Каматната стапка на девизните депозити изнесува 2,7%, што претставува намалување од 0,4 п.п. во однос на истиот месец од 2010 година.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на октомври 2011 година изнесуваа 1.838,6 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 9,2 милиони евра, додека во однос на октомври 2010 година девизните резерви се повисоки за 175,7 милиони евра.